Врз основа на член 38, 49 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), в. д. Градоначалникот на Општина Аеродром - Скопје го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат сите физички и правни лица од просторот опфатен со Измена и дополнување на ДУП за Градска Четврт И 17, блок И 17.03, Општина Аеродром, Скопје дека в. д. Градоначалникот на Општина Аеродром - Скопје донесе Одлука за спроведување на:

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

**по Нацрт-Измена и дополнување на ДУП за Градска Четврт И 17, блок И 17.03, Општина Аеродром, Скопје (плански период 2024 - 2029)**

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаната граница изнесува 83246,13m², односно **8,32ha**. Периметарот на планскиот опфат се движи по осовините на околните планирани улици со ГУП на Град Скопје 2012-2022 и УПЧ И 17 Скопје 2014-2022 и истиот изнесува 1345,64m’. Површината на блокот И 17.03 до регулациската линија на ниво на блок како што е дефинирана со УПЧ И 17 Скопје 2014-2022, изнесува **6,19ha**.
Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Блокот И 17.03, како што е одреден со Урбанистичкиот план за четврт И 17 Скопје 2014 - 2022. Истата се движи како што следи:

**- на североисток** се движи долж осовината на собирната улица „Трета македонска бригада“ (Профил „А“), како што е планирана со ГУП Скопје 2012-2014

**- на југоисток** се движи по осовината на градската магистрална улица бул. „Србија“ (Профил „Б“ С.38-В.33), како што е планирана со ГУП Скопје 2012-2014

**- на југозапад** започнува движејќи се по осовината на сервисната улица С5, па продолжува по осовината на сервисната улица С3 (профил Б-Б), како што се планирани со УПЧ И 17 Скопје 2014-2022

**- на северозапад** се движи по осовината на сервисната улица С4, како што е планирана со УПЧ И 17 Скопје 2014-2022.

Нацрт-Измена и дополнување на ДУП за Градска Четврт И 17, блок И 17.03, Општина Аеродром, Скопје, ќе биде изложен во просториите на ООУ „Александар Македонски“ (ул. „Благој Попов“ бр.4) секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот од 07.05.2025 (среда) до 05.06.2025 (четврток).

**Јавна презентација** на Нацрт-Измена и дополнување на ДУП за Градска Четврт И 17, блок И 17.03, Општина Аеродром, Скопје ќе се одржи во просториите на ООУ „Александар Македонски“ (ул. „Благој Попов“ бр.4) на **12.05.2025 год. (понеделник) во 17:00 часот.**

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на ООУ „Александар Македонски“ (ул. „Благој Попов“ бр.4), Општина Аеродром, Скопје.

Во определениот рок заинтересираните правни лица и физички лица можат да доставаат забелешки и предлози по Нацрт на планот, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Општина Аеродром**